ЌОР - ЗБОР
**ХАНС-ЛОТАР ШТЕПАН**



...И НАЈГОРЧЛИВАТА ВИСТИНА СЕКОГАШ Е ПОДОБРА ОД НАЈСЛАТКАТА ЗАБЛУДА!

ЌОР - ЗБОР
**АМДИ БАЈРАМ**



ЈАС СУМ ЗА КОМПРОМИС. ПРИФАЌАМ ГРАДОНАЧАЛНИЧКАТА ФУНКЦИЈА ДА ЈА ВРШАМ ОД КПД "ШУТКА"!

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- Оние кои бојадисуваа јајца за Божик, веќе сечат елки за Велигден.
- Брзо живееме, уште побрзо умираме, единствено бавно размислуваме.
- Пред изборите ни се додворуваа, а сега ни го прават она што се прави по додворувањето.
- Ползењето не е спорт. Тоа е начин на живот.
- Османлиите да распишеа демократски избори, би владееле уште петстотини години.



УМЕТНОСТА ВО ДРЖАВАТА СПАДНА САМО НА ПЕДИКИРИТЕ

## ВИЦОТЕКА

Слушнал претседателот дека во Шутка се прават вицеви на сметка на неговата партија, па се упатил на пазарот и првиот на кого што налетал бил Амди:

-Добро, не ли ти е срам да раскажуваш вицеви за нас, па едно време бевме партнери, можеби пак ќе бидеме.

-А, што да правам претседателе, народот сака да слуша вицеви.

-Ех, народот сака... Народот е на наша страна.

-Што велиш, на ваша страна?! Ете, гледаш колку лесно се измислуваат вицеви...

**МАКЕДОН**




БРАНКА и МИРО